Универзитет Св. Кирил и Методиј
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ:

# АВТОПАТИШТАТА, КЛУЧ ЗА ПОНАТАМОШЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Зборник на трудови**

- Скопје, 9 јануари 2014 –

# ВОВЕД

Историски гледано според мислењето на многумина, тркалото претставува најзначајниот пронајдок на човекот, аналогно на изнесеното, патот според своето значење е веднаш зад него. Патот уште од најстари времиња па се до денес претставува фактор кој битно влијае на економскиот, политичкиот и културниот развој.

Најдобриот показател за моќта на една држава, претставува нејзината инфраструктура. Затоа се вели, ако сакате да дознаете во каква состојба е економијата во една држава, прашајте во каква состојба е градежништвото, тоа Ви е најбрз и најсигурен индикатор. Ако само за момент ја погледнеме патната карта на една држава, најпрво што ќе забележиме е разгранетата патна мрежа, која веднаш ни асоцира на тоа дека патиштата во една држава го претставуваат нејзиниот крвоток, по што може целосно да се согласиме со познатата латинска поговорка „ VIA VITA EST “ („Патот е живот“).

Патиштата според наједноставната дефиниција се градежни објекти кои имаат за цел да ги пренесат луѓето од точка А до точка Б во просторот. Всушност оваа нивна основна цел, би можело поинаку, односно поблагородно да се толкува, дека основна цел на патиштата е да ги поврзува и обединува луѓето, народите, државите, културите и религиите. Современите патишта овозможуваат побезбеден, поконфорен, побрз и поевтин транспорт на патници и стока, а со тоа се обезбедува и побрз развој на државата. Во денешни услови со интензивирање на глобализациските движења, современите патишта добиваат уште повеќе на значење и можат да придонесат за побрз развој на РМ.

Друштвото за патишта на Република Македонија (ДПМ), претставува една од најстарите стручни асоцијации во РМ. Основано е како стручна асоцијација на градежните инженери и техничари по патишта од страна на една група ентузијасти составена од професорите по патишта од Градежниот факултет и инженери претставници од градежните компаниии во РМ. За прв претседател на ДПМ избран е дипл. град. инж. Младен Николовски. Во тој период, ДПМ било член на Друштвото за патишта на Југославија, а во еден период Претседател на југословенското друштво за патишта бил дипл. град. инж. Наум Манчевски.

Денес ДПМ претставува доброволна стручно – професионална асоцијација на градежните инженери по патишта, непрофитно здружение, кое е колективен член на Инженерската асоцијација на РМ. Основни цели на ДПМ се: унапредување и развој на патната мрежа во РМ, унапредување, развој и поуспешно воведување на современите технички достигања од науката и технологијата на работење во областа на патиштата и аеродромите, унапредување на законската и техничката регулатива и др.

Во следниот период, во патната инфраструктура најавен е голем ивестициски циклус, каков што досега немало во РМ. За да биде во тек со општествените збиднувања, една од основните задачи на ДПМ во следниот период треба да биде континуирана активност на стручно оспособување и континуирана едукација на своите членови – инженери по патишта, преку стручни советувања и научни собири, за да во блиска иднина во соработка и со поддршка од сите релевантни институции од државава, се организира и Прв конгрес за патишта на РМ. Со своите стручно професионални предлози и сугестии, друштвото односно градежните инженери, мора да го заземат своето заслужено место во општеството, да се етаблираат во него како активни чинители во развојот на патната инфраструктура во РМ.

На крајот, уште еднаш Ви го честитам големиот Јубилеј 45 години од основање на Друштвото за патишта.

Доц. д-р Горан Мијоски
Претседател на Друштвото за патишта на РМ

По повод Јубилејот 45 години од основање на Друштвото за патишта на Република Македонија (ДПМ), во соработка помеѓу: Друштвото за патишта на Република Македонија, Градежен факултет - Скопје и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, се одржа стручно советување на тема:
„Автопатиштата, клуч за понатамошен економски развој на Република Македонија“

Доделени признанија на заслужни институции и поединци:

- Заслужни институции, добитници на признание од ДПМ:

1. **Претседател на Влада на РМ, г-дин Никола Груевски** **Златна плакета**
   за исклучителна визија за развој и придонес во изградбата на патната инфраструктура во Република Македонија

2. **Министерство за транспорт и врски** **Златна плакета**
   за исклучителен придонес во развојот на патната инфраструктура во Република Македонија

3. **Министерство за образование и наука** **Златна плакета**
   за исклучителен придонес во развојот на научната мисла во градежништвото од областа на патиштата

4. **Град Скопје** **Златна плакета**
   за исклучителен придонес во развојот на градските сообраќајници

5. **ЈП за државни патишта** **Златна плакета**
   за исклучителен придонес во развојот на патната инфраструктура во Република Македонија

6. **ЈП „Македонијапат“ – Скопје** **Златна плакета**
   за исклучителен придонес во развојот на патната инфраструктура во Република Македонија

7. **Градежен факултет – Скопје** **Златна плакета**
   за исклучителен придонес во развојот на научната мисла од областа на патиштата и придонес во развојот на патната инфраструктура во Република Македонија

8. **Комора на овластени архитекти и овластени инженери** **Златна плакета**
   за успешна соработка и придонес во формирањето и развојот на професионалните одделенија за градежништво во Република Македонија

9. **Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата** **Златна плакета**
   за исклучителен придонес во подигнување на јавната свест и за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во Република Македонија

- Заслужни поединци, добитници на признание од ДПМ:

1. **Д-р Александар Лепавцов** **Златна плакета**
   Прв министер за Градежништво, сообраќај, урбанизам и екологија, во првата Влада на независна Република Македонија и прв доктор на науки од областа на патиштата во Република Македонија, за неговата визија за развој и придонес во изградбата на патната инфраструктура во Република Македонија, кој со своите стручно-научни и практични трудови има значаен придонес во развојот на патната инфраструктура, како и за промоцијата на важноста на изградбата на Коридорот 8 по осамостојувањето на Република Македонија (постхумно)

2. **Проф. Павле Стоименов** **Златна плакета**
   Редовен професор на Градежен факултет во Скопје во пензија, за исклучителен придонес во научната мисла од областа на проектирање на патиштата и развојот на патната инфраструктура во РМ. Еден од основачите на Друштвото за патишта на Македонија, автор на првата научно - стручна книга од областа на проектирање на патиштата во Македонија, ментор на магистерски тези, ментор на докторски дисертации и учесник во изготвувањето на техничките прописи од областа на патиштата

3. **Проф. Орхан Авдовиќ** **Плакета**
   Редовен професор на Градежен факултет во Скопје во пензија, за придонес во научната мисла од областа на коловозните конструкции на патиштата и развојот на патната инфраструктура во РМ

4. **Проф. д-р Радојка Дончева** **Плакета**
   Редовен професор на Градежен факултет во Скопје, за придонес во научната мисла од областа на проектирање на патиштата и развојот на патната инфраструктура во РМ

5. **Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски** **Плакета**
   Редовен професор на Градежен факултет во Скопје, поранешен директор на ЈП „Македонијапат“, за придонес во развојот од областа на управување и одржување на патната инфраструктура во РМ

6. **Вон. проф. д-р Вулнет Палоши** **Плакета**
   Вонреден професор на Државниот Универзитет во Тетово, поранешен директор на Фондот за магистрални и регионални патишта, за придонес во развојот од областа на управување и одржување на патната инфраструктура во РМ

7. **Дипл.град.инж. Димче Босилков** **Плакета**
   дипломиран градежен инженер, за придонес во областа на проектирање на патната инфраструктура во РМ

**„ VIA VITA EST “** („Патот е живот“)

СОДРЖИНА

*Александар СТОЈАНОВ*[1]
ПЕРСПЕКТИВА И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИЗГРАДБА НА ПАТИШТАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
..........................................................................................................................................1

*Блашко ДИМИТРОВ*[1]
ОВЛАСТУВАЊА, ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ИНЖЕНЕРИ
..........................................................................................................................................7

*Горан И. МИЈОСКИ*[1]
ЗАШТИТА ОД ПАТНА БУЧАВА ВО ВОНГРАДСКИ И ГРАДСКИ СРЕДИНИ
........................................................................................................................................14

Зоран КРАКУТОВСКИ[1]
ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД ТРАНСПОРТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА
........................................................................................................................................25

*Миле ДИМИТРОВСКИ*[1], *Никола АНГЕЛОВСКИ*[2], *Љупчо СТАВРЕСКИ*[3]
ИНДИКАТОРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2007 – 2012 И НАСОКИТЕ ЗА ПОДГОТОВКА ВТОРА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА 2015 – 2020
........................................................................................................................................33

*Ристо ДАМБОВ*[1]
СПЕЦИЈАЛНИ МИНИРАЊА ПРИ ИЗГРАДБА НА ПАТИШТА ВО ФУНКЦИЈА НА СТАБИЛНОСТ НА КОСИНИ
........................................................................................................................................39

*Стојанче СТОЈАНОВ*[1]
ПРИМЕНА НА ПОЛИМЕР БИТУМЕНИ ПРИ ИЗГРАДБА НА КОЛОВОЗНИТЕ КОНСТРУКЦИИ
........................................................................................................................................47

*Гајур КАДРИУ*[1]
ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ
........................................................................................................................................55

ЗАКЛУЧОЦИ ОД ЈУБИЛЕЈНОТО СОВЕТУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ПАТИШТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
........................................................................................................................................64